***Број: 02 - 20112/2***
***14.12.2007 година***
***С к о п ј е***

***ЗАПИСНИК***
***од XXIV -та седница на Управниот одбор на***
***Фондот за здравствено осигурување на Македонија,***

*одржана на 14.12.2007 во 10.00 часот*
*во просториите на*
*Фондот за здравствено осигурување на Македонија*

***Присутни членови на Управниот одбор:***

- *Аљбон Џемаили, претставник од Министерството за здравство-претседател;*
- *Д-р Снежана Костадиноска Милошеска, државен секретар во Министерството за финансии - заменик претседател;*
- *Д-р Страшо Наумоски, претставник од Лекарската комора на Македонија и Стоматолошката комора на Македонија - член;*
- *М-р Борис Јосифовски, член на Извршниот одбор на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија - член;*
- *Д-р Љубиша Каранфиловски, вработен во ЈЗУ Здравствен дом Битола, претставник од Сојузот на синдикатите на Македонија - член.*

***Отсутни членови на Управниот одбор:***

- *М-р Маријана Лончар Велкова, претставник на Организацијата на потрошувачите на Македонија - член;*
- *Трајче Леов, претставник на Стопанска комора на Македонија - член;*

***Присутни од ФЗОМ:***

- *Георги Тренкоски, директор на ФЗОМ*

- *Ромела Поповиќ Трајкова, помошник на директорот за финансии*
- *Лазар Трајчев, помошник на директорот за правни работи (делумно присутен)*
- *Христо Трповски, дипломиран правник во својство на записничар*

*На седницата при разгледувањето на точката 2 од дневниот ред присуствуваше директорот на Заеднички служби на Универзитетскиот клинички центар Скопје, Нусрет Дема.*

*Претседателот на Управниот одбор Аљбон Џемаили ја отвори седницата. Утврди дека на седницата присуствуваат пет члена на Управниот одбор со што се исполнети условите за полноважно работење и одлучување. Потоа го предложи следниот*

## ***П Р Е Д Л О Г - Д Н Е В Е Н  Р Е Д***

- *Усвојување на записникот од **XXIII** седница на Управниот одбор одржана на 07.12.2007*

1. *Предлог - Одлука за утврдување на критериуми за утврдување на надоместокот за обезбедени здравствени услуги на осигурените лица во здравствените установи од специјалистичко консултативна и болничка здравствена заштита;*
2. *Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување буџетски плафони на јавните здравствени установи за 2007 година;*
3. *Барање од Клинички центар за ослободување од плаќањето на Фондот на 15% за осигурените лица на Фондот кај дополнителната дејност;*
4. *Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за начинот на користење на здравствени услуги на осигурените лица во странство; (одложен од 20 седница заради прибирање мислења);*
5. *Разно*

*Директорот Тренкоски предложи под разно Управниот одбор да ги разгледа следните точки:*

- *Одлука за овозможување вработените во Фондот да користат приватни возила за службени потреби;*
- *Одлука за ангажирање на асистенти на координаторот за ДРГ Петар Каранаков;*
- *Правилник за дополнување на Правилникот за организација и систематизација на работните места во Фондот за здравствено осигурување на Македонија;*

- *Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за начинот на плаќањето на лабораториските испитувања во специјалистичко - консултативната здравствена заштита по упат на избран лекар.*

*Членовите на Управниот одбор го прифатија предлогот, по што го усвоија следниот*

***ДНЕВЕН РЕД***

- *Усвојување на записникот од **XXIII** седница на Управниот одбор одржана на 07.12.2007*

1. *Предлог - Одлука за утврдување на критериуми за утврдување на надоместокот за обезбедени здравствени услуги на осигурените лица во здравствените установи од специјалистичко консултативна и болничка здравствена заштита;*
2. *Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување буџетски плафони на јавните здравствени установи за 2007 година;*
3. *Барање од Клинички центар за ослободување од плаќањето на Фондот на 15% за осигурените лица на Фондот кај дополнителната дејност;*
4. *Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за начинот на користење на здравствени услуги на осигурените лица во странство;*
5. *Разно*

    *5.1 Предлог одлука за овозможување вработените во Фондот да користат приватни возила за службени потреби;*
    *5.2 Одлука за ангажирање на асистенти на координаторот за ДРГ Петар Каранаков;*
    *5.3 Правилник за дополнување на Правилникот за организација и систематизација на работните места во Фондот за здравствено осигурување на Македонија;*
    *5.4 Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за начинот на плаќањето на лабораториските испитувања во специјалистичко - консултативната здравствена заштита по упат на избран лекар*

*Потоа се пристапи кон разгледување на точките од дневниот ред.*

- *Усвојување на записникот од **XXIII** седница на Управниот одбор одржана на 14.12.2007*

*Љубиша Каранфиловски побара неговиот став искажан при дискусијата за утврдување на дневниот ред а во врска со вклучувањето на Предлог - Одлуката за утврдување на критериуми за утврдување на надоместокот за обезбедени здравствени услуги на осигурените лица во здравствените установи од специјалистичко консултативна и болничка здравствена заштита во дневниот ред, да биде пренесен со зборовите: „Љубиша Каранфиловски наведе дека критериумите предложени во предлог одлуката главно се базираат на*

*историски податоци за работењето на здравствените установи. Историските податоци пак водат кон утврдување на повисок или понизок буџет а тешко доведуваат до добивање на реален буџет.“*

*Со оваа забелешка, Управниот одбор едногласно го усвои записникот од **XXIII** седница на Управниот одбор одржана на 07.12.2007*

***ТОЧКА 1-** Предлог - Одлука за утврдување на критериуми за утврдување на надоместокот за обезбедени здравствени услуги на осигурените лица во здравствените установи од специјалистичко консултативна и болничка здравствена заштита*

*Директорот Тренкоски објасни дека буџетите на здравствените установи за 2008 година треба под итно да се усвојат, но и дека Фондот е во очекување на усвојување на буџетот на Република Македонија. Очекуваме државниот буџет да биде усвоен како што е предложен па така и предвидениот буџет на Фондот. Во однос на критериумите за утврдување на надоместокот за обезбедени здравствени услуги на осигурените лица во здравствените установи од специјалистичко консултативна и болничка здравствена заштита со Министерството за здравство единствено имаме несогласување за висината на учеството на ДРГ. Од министерството сметаат дека учеството на ДРГ треба да биде 80%. Според нас, неприфатливо е да се бара рационализација на буџетите на овие здравствени установи првенствено преку ДРГ. Тоа не е во согласност ниту со светските стандарди а сигурни сме дека ќе доведе до блокада на сметките на некои клиники за што вината ќе биде префрлена на Фондот. Покрај тоа, во Фондот сметаме дека не треба целосно да се урне постоечкиот систем на финансирање на здравствените установи, туку тој постепено да се реформира. Според експертот за ДРГ од Хрватска, буџетите на една здравствена установа не смее да се разликуваат за повеќе од 5% во две последователни години.*

*Ромела Поповиќ Трајкова дополни дека ДРГ системот не смее да добие негативен призвук, а тоа сигурно ќе се случи ако го вклучиме во критериумите за утврдување на буџетот со 80%. Ние сега утврдуваме критериуми за буџетите за 2008 година. Во овој момент податоци за извршени услуги по ДРГ непостојат, ниту пак има апликации од болниците до ФЗОМ каков вид на услуги планираат да прават во 2008 година по ДРГ. ДРГ не е подготвен за примена меѓу другото и поради тоа што не е воспоставен компјутерски систем ниту во болниците, софтверот уште го нема инсталирано ниту пак се обучени кадри да подготвуваат извештаи по ДРГ и немаме мерливи бројки според кои ќе се утврдат буџети за 2008 по ДРГ системот. Ако денес го воведеме здравствените установи не ќе можат во наредните шест месеци да подготват точни фактури по ДРГ за да се изврши плакање. Значи ке има целосен застој во исплатите. Болниците мора сериозно да се се подготват за негова примена.*

*Според Снежана Костадиноска Милошеска, потребна е темелна анализа за функционирањето на клиниките, да се одмери што е најдобро и тоа да се примени чекор по чекор. Правењето на крупни чекори со недоволна подготвеност може да биде контрапродуктивно. Бидејќи сеуште немаме*

*целосен увид во состојбата на клиниките смета дека процентуалното учество на ДРГ треба да биде помало а да се разработат другите критериуми за утврдување на буџетите.*

*Љубиша Каранфиловски како пример ја спомена Хрватска каде воведувањето на ДРГ започнало преку пилот проекти во 2006 година а до крајот на оваа година ќе биде целосно имплементиран. ДРГ е тесно поврзан со квалитетот на здравствените услуги кој е мерлив на самиот нивен извор, во здравствените установи. Ако не сме подготвени тоа да го правиме, подобро е учеството на ДРГ во критериумите да биде помало. Смета дека во овој момент треба да се започне со примена на ДРГ со помал процент а да очекуваме позитивните резултати од неговата примена да се почуствуваат дури во иднина.*

*Страшо Наумоски го извести Управниот одбор дека во врска со предложените критериуми за утврдување на буџетите на здравствените установи од специјалистичко консултативна и болничка здравствена заштита требало да се одржи средба помеѓу менаџментот на Фондот и претставници на Лекарската комора. Оваа средба сеуште не е реализирана. Во меѓувреме, комисија на Лекарскат комора го разгледува предлогот на критериумите. Остана спорно прашањето за распределувањето на средстата. Лекарската комора смета дека разгледувањето на ова прашање повторно треба да се одложи бидејќи се работи за чуствителен сегмент од работењето на здравствените установи. Знаеме дека критериумите треба што поскоро да се утврдат но сметаме дека постои можност за мало одлагање кое ќе се искористи за средба помеѓу Фондот и Лекарската комора заради усогласување на нивните ставови.*

*Потоа Страшо Наумоски до Управниот одбор достави допис со предлози од Лекарската комора.*

*Ромела Поповиќ Трајкова и директорот Тренкоски укажаа дека роковите се куси и дека не е соодветно дури сега да се доставуваат нови предлози.*

*Аљбон Џемаили праша кога е крајниот рок за утврдување на критериумите на што доби одговор од директорот дека роковите се веќе истечени.*

*Страчо Наумоски објасни дека е потребна само една средба помеѓу тимот на Фондот што ги изготви критериумите и тимот на Лекарската комора да се испегаат некои разлилки по што Управниот одбор би можел да се сретне и да ги усвои критериумите.*

*Снежана Костадиноска Милошеска праша во што се состојат забелешките на Лекарската комора, а Страчо Наумоски одговори дека тие се содржани во писмениот предлог.*

*Љубиша Каранфиловски предложи Фондот да направи симулација на буџетите според критериумите предложени од Фондот и според предлогот на Лекарската комора од која би се виделе резултатите до кои ќе доведат двата предлога па да се усвои едниот од нив или да се пронајде комбинирано решение доколку е така подобро.*

*Ромела Поповиќ Трајкова укажа дека за некои од критериумите не може да се направи симулација, како на пример за стимулирање на надстандардна услуга за која нема мерлив податок.*

*Снежана Костадиноска Милошеска побара да се направи симулација за она што е можно која ќе им се испрати на членовите на Управниот одбор во рок од три дена по што тие по електронска пошта да го дадат своето мислење.*

*По ова, Управниот одбор донесе*

***Заклучок:***

- *Стручната служба на Фондот да изготви симулација според предлогот на Лекарската комора и според предлогот на Фондот;*
- *Фондот да одржи средба со Лекарската комора во врска со предлог критериумите;*
- *Симулацијата и известување од средбата да се достават до членовите на Управниот одбор по што членовите на Управниот одбор по пат на електронска пошта да го дадат своето мислење.*

*Во врска со заклучокот, на 18.12.2007 година се одржа средба помеѓу претставници на Фондот и Лекарската комора. Потоа на членовите на Управниот одбор им беше доставена Предлог - Одлука за утврдување на критериуми за утврдување на буџетот на здравствените установи од специјалистичко консултативна и болничка здравствена заштита. По пат на електронска пошта, во текот на 19.12.2007 година, по предлогот се изјаснија Аљбон Џемаили, Страшо Наумоски, Љубиша Каранфиловски и Борис Јосифовски. Сите тие гласаа „ЗА“ предлогот. На тој начин, Управниот одбор донесе*

***Одлука***
***за утврдување на критериуми за утврдување на буџетот на здравствените установи од специјалистичко консултативна и болничка здравствена заштита***

***ТОЧКА 2-*** *Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување буџетски плафони на јавните здравствени установи за 2007 година*

*По оваа точка од дневниот ред објаснување на предложените промени во буџетите на јавните здравствени установи даде Ромела Поповиќ Трајкова. Таа објасни дека за 2008 Фондот ќе склучи договори со јавните здравствени установи а со Заеднички служби ќе склучи врз основа на заостанатиот долг.*

*Директорот на Заеднички служби, Нусрет Дема наведе дека според договорот помеѓу Фондот и Заеднички служби потпишан во септември оваа година, Фондот до крајот на годината требало на Заеднички служби да им префрли 24 милиони денари. За месец октомври средствата не се префрлени па се*

*снаоѓаме со постоечките. Во овие 24 милиони не се опфатени средствата потребни за плати на вработените во клиниките.*

*Директорот Тренкоски објасни дека договорите на вработените на клиниките им истекуваа на 30 септември. Меѓутоа, од први септември се реорганизира клиничкиот центар и вработените останаа неисплатени за септември. Заеднички служби ги презема и долговите на клиниките за лекови во висина од 420 милиони денари. Од јануари 2008 секоја клиника одделно ќе ги превзема. Тогаш ќе останат долговите направени до 30 август од околу 35 милиони денари.*

*Нусрет Дема истакна дека потребата за ребаланс на буџетот не е поради лошо работење на Заеднички служби, туку затоа што порано не биле предвидени средства за договорите на дело. Додаде дека во последните три месеци Заеднички служби од Фондот примиле 50.471.040 денари а сега се предвидени уште дополнителни десет. Според договорот, Фондот треба да плати 74.000.000 денари. Значи останува разлика од 14.000.000 денари.*

*Ромела Поповиќ Трајкова достави финансиски преглед каде што се гледа дека е исцрпен целокупниот буџет на Заеднички служби со префрлените средства до нивна сметка без разлика што се работело за плакања на договори на дело од УКЦ.*

*Директорот Тренкоски предложи Заеднички служби да им ги фактурира на клиниките трошоците за вработувањата по договор за дело а Фондот тоа ним ќе им го објасни и ќе побара да го платат.*

*Нусрет Дема објасни дека Заеднички служби ќе имаат проблем со тоа бидејќи клиниките долгот го сметаат за долг на поранешниот Универзитетски клинички центар кој сега треба ние да го превземеме.*

*Директорот Тренкоски укажа дека Заеднички служби од Фондот нема да добие други средства над овие десет милиони кои се сега предложени за зголемување на буџетскиот плафон. Јасно ни е дека треба да се обезбедат средства за луѓето кои работеле на клиниките но Управниот одбор мора да води сметка за 21.000 вработени во здравството. Затоа , Фондот може само да ги убеди клиниките да платат на Заеднички служби за овие вработени.*

*Потоа, Управниот одбор едногласно донесе*

***Одлука***
***за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување буџетски плафони на јавните здравствени установи за 2007 година***

***ТОЧКА 3-*** *Барање од Клинички центар за ослободување од плаќањето на Фондот на 15% за осигурените лица на Фондот кај дополнителната дејност*

*Директорот Тренкоски објасни дека барањето се однесува на ослободување на здравствените установи од уплаќање на учеството што пациентите го плаќаат при добивањето на здравствените услуги во дополнителната дејност и тоа само за оние пациенти кои се осигуреници на Фондот. Од една страна*

*барањето е оправдано со оглед дека се тоа осигуреници на Фондот но од друга страна постои можност за злоупотреба ако на осигурениците не им се даваат услугите во рамките на редовната туку во дополнителната дејност.*

*Снежана Костадиноска Милошеска праша дали Фондот има податоци за структурата на пациентите во дополнителната дејност, односно колкав дел од нив се осигуреници на Фондот а колкав не се.*

*Ромела Поповиќ Трајкова одговори дека таков податок Фондот нема но факт е дека кога се воведе дополнителната дејност приходите на клиниките се зголемија.*

*Според Борис Јосифовски, ако цената на услугата е иста за осигурените и неосигурените лица нема оправданост ослободувањето од уплаќање на 15% за установите кои ги дале услугите.*

*Љубиша Каранфиловски праша како е дојдено до висината од 15% што здравствените установи ја уплаќаат. Овој процент изгледа мал.*

*Директорот Тренкоски наведе дека овој процент претставува еден вид контрола на дополнителната дејност на здравствените установи.*

*Во расправата што следеше, членовите на Управниот одбор предлагаа различна висина на процентот која треба да биде поголема за неосигурените лица а пониска за осигурените. На крајот, Управниот одбор донесе*

***Заклучок**:*

- *Одлуката по барањето на клиниките да се одложи за друга седница;*
- *Да се направат анализи по кои ќе се дојде до најсоодветната висина на процентот кој здравствените установи ќе го плаќаат на Фондот за услугите дадени во дополнителната дејност*

*По разгледувањето на оваа точка од дневниот ред, Љубиша Каранфиловски го извести претседателот на Управниот одбор дека има неодложни обврски поради кои бара да биде ослободен од учеството во работата по преостанатите точки од дневниот ред.*

*Претседателот Аљбон Џемаили утврди дека и со преостанатите членови Управниот одбор ќе има кворум за работа по што Љубиша Каранфиловски ја напушти седницата а работата по дневниот ред продолжи со четири членови.*

***ТОЧКА 4-** Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за начинот на користење на здравствени услуги на осигурените лица во странство*

*По оваа точка објаснување даде Лазар Трајчев. Објасни дека оваа точка беше одложена од 20 седница заради прибирање на мислења за измените предвидени во Правилникот од неколку релевантни установи и здруженија. Пристигнати се мислења од Здружението на лекарите по општа медицина, Институтот за медицина на трудот при Здравствен дом Скопје, Лекарската комора на Македонија и Македонското лекарско друштво. Сите тие се негативни. И покрај тоа, во Фондот сметаме дека предлогот е добар. Имено, тој пред се е*

*насочен кон овозможување на осигурените лица при патувањето во земјите со кои за тоа имаме договор, да можат да добијат бесплатна итна медицинска помош. Според сегашната состојба, поради цената на потврдата потребна за тоа, најголемиот број осигурени лица патуваат во странство без неа. Поради тоа, за добиената итна помош мораат да ја платат услугата а по враќањето во Република Македонија да бараат рефундација од Фондот. Цената на услугата може да биде и многу висока па со тоа осигурените лица се изложуваат на непотребни издатоци.*

*Страшо Наумоски наведе дека службата за трудова медицина која во западните земји ја нарекуваат служба за здравје и безбедност на работа, кај нас сосема добро функционира а тоа е област која допрва треба да се развива на запад. Доколку дојде до либерализација, се плашам дека може да се отворат можности и за злоупотреби.*

*Снежана Костадиноска Милошеска праша дали може да се даде можност за избор на осигурените лица, односно во зависност од видот на потврда од кој има потреба, осигуреникот да одлучи дали ќе се обрати кај специјалист од областа на трудова медицина или кај општ лекар.*

*Лазар Трајчев наведе дека предложената измена предвидува целосна либерализација за сите видови на потврди.*

*По расправата, претседателот Аљбон Џемаили го стави Предлог Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за начинот на користење на здравствени услуги на осигурените лица во странство на гласање.*

*За предлогот гласаа Аљбон Џемаили и Снежана Костадиноска Милошеска.*
*Против предлогот гласаше Страшо Наумоски.*
*Борис Јосифовски беше воздржан.*

*По гласањето, претседателот констатира дека Предлог Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за начинот на користење на здравствени услуги на осигурените лица во странство на гласање не е усвоен.*

***ТОЧКА 5-*** *Разно*

*5.1 Предлог одлука за овозможување вработените во Фондот да користат приватни возила за службени потреби*

*Директорот Тренкоски објасни дека поради недоволен број на службени возила и зголемен обем на работа на целата територија на земјата, потребно е да се овозможи при извршувањето на службени задачи, вработените на Фондот да користат сопствени возила. Се разбира дека тоа би било со претходно добиен патен налог и со надомест предвиден со прописите на Република Македонија.*

*По објаснувањето, Управниот одбор едногласно донесе*

***Одлука***
***за одобрување на користење приватни возила за службени потреби***

*5.2 Одлука за ангажирање на асистенти на координаторот за ДРГ Петар Каранаков*

*Директорот Тренкоски го запозна Управниот одбор дека Петар Каранаков, кој беше еден од двајцата директори на Универзитетскиот клинички центар до неговата поделба, со заклучок на Владата е упатен во Фондот како координатор за ДРГ. Неговиот ангажман во Фондот ќе трае шест месеци. За извршување на работата како координатор за ДРГ побара тројца асистенти. За ова е потребна одлука на Управниот одбор а потоа ќе бараме и согласност од Министерството за финансии.*

*Снежана Костадиноска Милошеска праша дали Фондот може да обезбеди средства за ангажирањето на тројцата асистенти на што од директорот Тренкоски доби потврден одговор.*

*Потоа, Управниот одбор едногласно донесе*

***Одлука***
***за ангажирање на асистенти на координаторот за ДРГ***

*5.3 Правилник за дополнување на Правилникот за организација и систематизација на работните места во Фондот за здравствено осигурување на Македонија*

*Директорот Тренкоски објасни дека по објавените два огласи за засновање на работен однос во Фондот и подрачните служби за 17 работни места, не се јавиле доволен број на заинтересирани лица со бараното работно искуство. Поради тоа, се предлага измена која ќе овозможи на работните места кај кои како посебен услов е предвидено работно искуство од најмногу три години работен стаж да се вработи работник приправник. По истекот на приправничкиот стаж и успешно положениот приправнички испит ќе се стекне со право да ги извршува работите и работните задачи на работното место за кое го засновал работниот однос.*

*По објаснувањето, Управниот одбор едногласно донесе*

***Правилник***
***за дополнување на Правилникот за организација и систематизација на работните места во Фондот за здравствено осигурување на Македонија***

*Откако ја разгледа оваа точка од дневниот ред, Управниот одбор одлучи точката 5.4 - Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за*

*начинот на плаќањето на лабораториските испитувања во специјалистичко - консултативната здравствена заштита по упат на избран лекар, да ја одложи за наредната седница и во 12.30 часот заврши со работата.*

***Записничар,***
***Христо Трповски***

***Управен одбор***
***Претседател,***
***Аљбон Џемаили***